# ПРИЛОЗИ

# КОН

# ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# ООУ„ТОШО ВЕЛКОВ – ПЕПЕТО“

# КАВАДАРЦИ

# 2022/2023 год.

**Јули 2022 год**

*Програмски прилози:*

- *Годишна програма на директорот*

- *Годишна програма на училишен педагог*
- *Годишна програма на училишен психолог*
- *Годишна програма на училишен логопед*
- *Годишна програма на училишен библиотекар*
- *Годишна програма за Училишен одбор*
- *Годишна програма за Совет на родители*

- *Годишна програма за Наставнички совет*
- *Годишна програма на стручни активи*
- *Годишна програма за Оделенски совет*
  ***Програма за работа на училишниот инклузивен тим***
- *Програма за работа на училишниот хор и оркестар*
- *Програма на работа на заедницата на паралелката*
- *Програма на ученички парламент*
- *Распоред на часови*
- ***Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања***
- *Програма за реализација на дополнителна настава*
- *Програма за реализација на додатна настава*
- *Програна за ученички екскурзии*

- *Ученички натпревари*
- *Програма за унапредување на мултикултурализам/интеркултурализам и меѓуетничка интеграција*
- *Програма за воннаставни активности*
- *План за подршка на учениците и за подобрување на резултатите*
- *Програма за професионална ориентација на учениците*
- *Програма за Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*
- *Програма за превенција од насилно однесување*
- *План за следење и анализа на состојбата со оценување*

- *План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар*
- *Програма за самоевалуација на училиштето*
- *Програма за заштита од елементарни непогоди*
- *Рспоред на дежурни наставници*
- *План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето*
- 
- *Правилник за однесување на учениците ,наставниците и родителите*
- *Програма за соработка на основното училиште со родители/старатели*
- *Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница*
- *Програма за грижа за здравјето на учениците*
- *Програма за јавна и културна дејност на училиштето*
- *Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште*
- 

# Г О Д И Ш Н А   Г Л О Б А Л Н А   П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА НА  ДИРЕКТОРОТ  ВО УЧЕБНАТА  2022/2023 г.

## ООУ „ТОШО  ВЕЛКОВ — ПЕПЕТО” КАВАДАРЦИ

Во согласност со Законот за основно образование и правилниците поврзани со работата на основните училишта , како и во согласност со Наставниот план и програма за учебната 2022/23 год.  Директорот на училиштето за учебната 2022/23 година ја изготви својата програма за работа.

Програмата утврдува реализација на задачи од следниве подрачја: **планирање и програмирање на воспитно-образовната работа; организација на работата во училиштето; советодавна – консултативна работа со наставниците и стручните служби; аналитичко – истражувачка работа; проверка и анализа на педагошка – евиденција и документација;стручно усовршување на наставниците и стручните соработници и.т.н.**

Реализацијата на програмата за работа на директорот се базира на следните подрачја: грижа за финансиско работење, застапување на училиштето, учество во изготвување извештаи, координирање на работата на органите, следење и анализа на наставата, учество и следење на прориретни цели на училиштето, анализа и планирање, работа и соработка со локалната заедница.

***Работата на директорот на училиштето ќе се реализира во рамките на следниве програмски подрачја:***

1. ***Планирање и програмирање***
2. ***Организирање***
3. ***Раководење***
4. ***Евалвација и истражување***
5. ***Педагошко-инструктивната работа***

### 1. Планирање и програмирање

| Содржина | Време на реализација | Забелешка |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на Годишен извештај за учебната 2021/2022година Анализа на постигнувањата од претходната учебна година, Изработка на Годишната програма за воспитно- образовната работа на училиштето во 2022/2023 година, поставување на приоритетни цели и активности за оваа учебна година Изработка на самоевалуација на училиштето за период 2020-2021 год. Изготвување на распоред на училиштето и распоред на дежурни наставници | Август | Составен дел на програмата се подрачјата на работа на училиштето кои ги изработуваат наставниците и стручните соработници по добиените сознанија од целокупната работа на училиштето, извршената самоевалуација во 2021год. Распоредите за часови и дежурства во соработка со назначените наставници |
| Изработка на програма за работа на Наставничкиот совет и програмата за работа на одделенскиот совет | Август | Во соработка со стручна служба |
| Изработка на програмата за работа на директорот на училиштето | Август | Директор |
| Планирање на стручно усовршување на наставниот кадар | Септември | Во соработка со Тим од наставници психологот и педагогот  приготвува програма за професионален развој на наставниците |
| Распределба на часовите, формирање на паралелки за прво одделение, и други задолженија на наставниот кадар | Јули-август | Во соработка со педагогот, психологот, комисија за упис во прво одделение,наставници |
| План за уредување на училиштето и училишниот двор. План | Август | Во соработка со општината и вработените во училиштето, Училишниот одбор, |

| | | |
|---|---|---|
| за финансиско работење и план за јавни набавки Листа на приоритети за набавка на нагледни средства, стручна литература и други материјали во учебната година. Листа на приоритети за набавка на потребни хигиенско технички средства и други материјали. | Септември<br><br>Септември | Советот на родители Училишен одбор, сметководител, комисија за јавни набавки Наставници, стручна служба, стручни активи Домаќин, хаусмајстор, технички персонал |
| Координирање на активностите на менаџерскиот и развојниот тим | Јули | Во соработка со наставниците и Тимот за развојно планирање во училиштето |

## 2. Организирање

| **Содржина** | **Време на реализација** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Организирање на активностите по повод почеток на учебна година, приемот на првачињата во Детската организација, одбележување на патронатот на училиштето, и сите други активности од општествено хуманитарен, натпреварувачки, забавен и ревијален карактер | Септември и преку цела наставна година | Во соработка со Тимот за декорација, одговорните наставници и стручната служба |
| Организирање на работата на стручните активи | Август,септември и во текот на целата година | Директор во соработка со стручна служба |
| Определување на распоред на работата: распоред на часови за наставата, додатна и дополнителна настава и воннаставните активности и другите активности | Септември | Во соработка со наставникот задолжен за изработка на распоредот на часовите и стручните соработници, комисии и тимови во училиштето |
| Организирање на материјалното, финансиското и | Во текот на целата година | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| административно-техничкото работење на училиштето | | |
| Организирање на процес на евалуација и следење на поставените цели од развојното планирање за оваа година | Во текот на целата година | Во соработка со педагогот и психологот, координаторите за самоевалуација, тимот за развојно планирање |

3. **Раководење**

| **Содржина** | **Време на реализација** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Донесување кадровски решенија и одлуки | Септември,јуни | Директор |
| Екипирање на тимовите и воспоставување на хиерархија на односите во раководењето | Септември,октомври | Директор |
| Донесување одлуки во врска со инфраструктирни зафати | Во текот на целата година | Директор |
| Донесување одлуки за подобрување на внатрешен ред и дисциплина во училиштето | Во текот на целата година | Директор |
| Донесување одлуки во однос на секојдневно работење и функционирање на училиштето | Во текот на целата година | Директор |
| Планирање, реализација и раководење со одделенскиот и наставничкиот совет | Во текот на целата година | Педагог,психолог |

4. **Евалвација и истражување**

| **Содржина** | **Време на реализација** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Преглед и анализа на годишните глобални и | Септември, Тематските планови ќе се | Во соработка со педагог и психолог, наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| тематските планови за работа на наставниците, додатна, дополнителна, мултикултурализам, ИКТ, слободни активности, еко содржини | разгледуваат во текот на годината | |
| Преглед и анализа на годишните планови за работа на стручните соработници | Септември | |
| Преглед и анализа на дневни подготовки на наставниците според планот за евалвација на подготовките | Во текот на целата година | Во соработка со педагог и психолог |
| Следење на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности | Во текот на целата година | Во соработка со педагог и психолог |
| Следење на работата на администртивно-техничкиот персонал | Во текот на целата година | Во соработка со педагог и психолог |
| Следење на редовноста и дежурствата на вработените | Во текот на целата година | |
| Следење на работата на стручните активи. Развивање на педагошка флексибилност меѓу стручните активи за примена на активни методи на работа во наставата | Во текот на целата година | Во соработка со педагог и психолог |
| Следење на оценувањето Следење на педагошката евиденција и документација според програмите за работа на стручните активи | Во текот на целата година | Во соработка со педагог и психолог |
| Следење на стручно усовршување на наставниот кадар | Во текот на целата година | Во соработка со педагог и психолог |

| | | |
|---|---|---|
| Следење на работа на одделенските раководители | Во текот на целата година | |
| Анализи на успехот и поведение, реализација на наставните планови | Во текот на целата година | Во соработка со педагог и психолог |

5. **Педагошко-инструктивната работа**

| **Содржина** | **Време на реализација** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Индивидуална педагошко-инструктивна работа со наставниците и наставниците почетници | Во текот на цела година | Во соработка со педагог,психолог |
| Аналитичко - студиска работа | Во текот на цела година | Во соработка со педагог,психолог |
| Увид во годишните и тематските планирања за работата на наставниците | Септември и во текот на цела година | Во соработка со педагог,психолог |
| Посета и евиденција за посетените часови | Преку цела година | Во соработка со педагог,психолог |
| Соработка со учениците и нивните организации | Преку цела година | Во соработка со педагог,психолог |
| Соработка со локалната самоуправа, родители, МОН, БРО, ДИЦ, невладини организации, медиуми | Во текот на цела година | Во соработка со педагог,психолог |

# ГОДИШНА ГЛОБАЛНА ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ НА УЧИЛИШТЕТО
# ВО УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

**Годишната програма за работа на училишниот педагог е изработена врз основа на:**

- Законот за основно образование,
- Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2021-2022 год.
- Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2022-2023 год.
- Други материјали (стручни материјали од посетени семинари, разни податоци од досегашното следење на воспитно образовната работа и сл.)

Педагогот на училиштето учествува и работи на реализирање на сите задачи и подрачја според Законот за основно образование, а вклучен е и во реализацијата на повеќе оперативни и тековни задачи кои произлегуваат од секојдневната организација на воспитно образовната дејност во училиштето и надвор од него, консултативно инструктивна функција како и задачи од областа на други подрачја кои имаат третман на перманентна работа. Во тековните работни задачи се опфатени содржини и активности по програмски подрачја кои се зацртани во документот "Основи за програмирање на работата на стручните работници во училиштето".

Содржините на стручната работа во глобални рамки се групирани според следните подрачја:

1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа;
2. Непосредно следење на воспитно-образовната работа;
3. Советодавно-консултативна работа со ученици, наставници и родители;
4. Аналитичко-истражувачка работа;

5. Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување;
6. Педагошка евиденција и документација

Изборот на содржини од подрачјата на работа е во согласност со општите барања за воспитно образовна дејност, но и според специфичните услови, потреби и состојби во училиштето.

**Приоритетна задача** за учебната 2022-2023 година ќе биде прилагодување на учениците од преминот од петто во шесто одделение следење и анализа на нивниот успех по одредени наставни предмети на крај на првото полугодие од петто одд. и крај на првото полугодие од шесто одд. и крај на учебната година.

***Цел***: Согледување на успехот и поведението кој го постигнуваат учениците во однос на споредбените показатели и предлагање на мерки за подобрување.

***Форми и методи***: Статистичка обработка на резултатите кои ги постигнуваат учениците во учењето во форма на статистички и текстуален извештај, групни средби,советодавни разговори

***Соработници***:Одделенски раководители,наставници,ученици, Родители и директор на училиштето.

***Време на реализација***: Во текот на учебната година.

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ ПО ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА

### 1. Програмско подрачје – Планирање и програмирање на воспитно – образовната работа .

| Ред.бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.** | Учество во изработката на концепцијата на Годишната програма за работа на училиштето и изработка на нејзини поедини делови | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година и известување на родителите за уписот и потребната документација | Директор Психолог | Мај |
| **3.** | Учество и кординација во изработката на наставните планови и програми по одделенија и за поедини предмети | Директор Наставници Стручна служба | Август Септември |
| **4.** | Учество и кординација и во изборот и концепирањето на воннаставните активности | Директор Наставници Стручна служба | Август Септември |
| **5.** | Учество во изработката на наставните планови за додатна, дополнителна настава, одделенска заедница, секции, екскурзиии, настава во природа | Директор Наставници Стручна служба | Август Септември |
| **6.** | Кординација и учество во изработка на проекти | Директор Наставници Стручна служба | Континуирано |
| **7.** | Учество во изработката на плановите и програмите за работа на стручните органи на училиштето | Директор Наставници Стручна служба | Континуирано |
| **8.** | Учество во изработката на програми за работа со | Директор Наставници Стручна служба | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | надарени и деца со посебни потреби | | |
| **9.** | Учество во изработка на план и програм за професионална ориентација на учениците како и негова реализација | Директор Наставници Стручна служба | Септември |
| **10.** | Учество во изработка на програма за соработка на училиштето со семејството | Директор Наставници Стручна служба | Септември |
| **11.** | Изработка на Годишна програма и месечни планирања за работа на педагогот | Стручна служба | Септември Секој месец |

## 2.Програмско подрачје – Непосредно следење на воспитно образовната работа

| Ред.бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.** | Запишување деца во прво одделение - опсервација на децата во група | Наставници – членови на комисијата за запишување на деца во прво одделение Психолог | Мај |
| **2.** | Давање на мислење за деца кои се родени во јануари наредната година | Психолог | Мај |
| **3.** | Формирање на паралелки за прво одд. според одредени критериуми | Психолог | Мај |
| **4.** | Распределување на нови ученици од други училишта | Стручна служба | Континуиран |
| **5.** | Следење и учество во организација и реализација на | Директор, Психолог Наставници | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | воннаставните активности | | |
| **6.** | Следење и водење на педагошка евиденција и документација во училиштето | Наставници | Континуирано |
| **7.** | Следење на прилагоденоста на учениците од прво и од шесто одделение како и на новодојдените ученици | Психолог<br>Наставници | Септември<br>Октомври |
| **8.** | Следење на прилагодувањето на учениците во I одд. преку<br>- посета на часови<br>- разговор со ученици<br>- разговор со родители | Наставник<br>Стручна служба | Континуирано |
| **9.** | Следење на успехот и редовноста на учениците | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| **10.** | Откривање на ученици коиимаат потешкотии во учењето преку<br>- посета на часови<br>- разговор со наставници<br>- разговор со родители<br>- увид во одделенска книга | Наставник<br>Стручна служба | Континуирано |
| **11.** | Следење на интерперсоналните односи ( училишна клима ) во училишто меѓу ученик- ученик, ученик-наставник и наставник-наставник, на индивидуално и групно ниво | Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| **12.** | Работа на превенција на појавите на насилно | Директор<br>Психплог<br>Наставници | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | однесување на училиштето | | |
| **13.** | Следење на постапките на оценување на учениците | Директор<br>Психплог<br>Наставници | Континуирано |
| | Непосредно следење, проучување, вреднување и унапредување на сопствената работа (планирање, програмирање, евидентирање и документирање). | Педагози, советници | Континуирано |

**3. Програмско подрачје - Советодавно-консултативна работа со учениците, наставниците и родителите**

| Ред.бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.** | Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењетп и однесувањето | Психолог<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| **2.** | Советодавно - инструктивна работа со ученици кпи покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, спцијална неприлагпденост, престапништво | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| **3.** | Давање помош и подршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности ( одделенски заедници, ученичка заедница. | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| **4.** | Работа на професипнална информација и ориентација на учениците - запознавање на учениците с видовите на средните училишта - индивидуални и групни | Психолог<br>Наставници | Мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | разговори сп учениците за нивните намери и интереси за придплжување на образпванието - задавање на анкета за професипналната информиранпст на учениците - помош и организирање на презентации на струки и занимање од државните и приватни средни училишта од градот | | |
| **5.** | Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободни активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| **6.** | Помош и подршка на наставниците во изготвувањето на годишните, тематските и дневните подготовки | Наставници | Септември |
| **7.** | Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на одредени форми, методи и техники на работа со цел унапредување на наставнипт процес | Наставници | Континуирано |
| **8.** | Консултативно-советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик и ученик-наставник-семејство | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| **9.** | Советодавна работа со наставници во реализирање на проекти | Наставници | Септември,мај |
| **10.** | Консултации со наставниците по завршена евалуација од | Наставници | Ноември,март |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | посета на часови и увид во дневни подготовки | | |
| **11.** | Водење на професионално досие и педагошки картон на наставниците | Наставници | Континуирано |
| **12.** | Советодавна работа со наставниците приправници | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| **13.** | Советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| **14.** | Давање подршка и помош во работата на Советот на родители и Училишниот одбор | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |

## 4. Програмско подрачје - Аналитичко – истражувачка работа

| Ред.бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.** | Анализа на општите услови за реализација на воспитно-образовната работа во училиштето | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август<br>септември |
| **2.** | Изработка на анализа за успехот и поведението на учениците на класификациони периоди ( полугодие и крај на година | Психолог | Јануари<br>Јуни |
| **3.** | Изготвување споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки редовност и повдение | Психолог<br>Наставници | Февруари<br>Јуни |
| **4.** | Изготвување извештај за постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава | Педагог<br>Наставници | Февруари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.** | Анализа на посетените часови на редовна, доплнителна и додатна настава Пополнување инструменти пд посетата на часовите и евалуација на дневните подготпвки | Директор<br>Педагог<br>Наставници | Ноември<br>Март |
| **6.** | Анализа од проверка на совладаноста на почетното ракописно пишувањето кај учениците од второ одделение преку задавање диктат. | Педагог<br>Ученици | Март |
| **7.** | Анализа од проверка на совладаноста и брзината на читање кај учениците од второ одд. | | Декември |
| **8.** | Учество во изготвување на полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето | Психолог | Јануари<br>Јуни |
| **9.** | Изготвување на извештај за сопствената работа | | Јануари<br>Јуни |
| **10.** | Изготвување на извештаи од спроведени анкети за избор на изборен предмет | Психолог | Јуни |
| **11.** | Изготвување на анализа и извештај од спроведена анкета за професионалната информираност и ориентација на учениците од девето одд | | Мај |
| **12.** | Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |

## 5. Програмско подрачје - Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување

| Ред.бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.** | Соработка со образовни, здрвавствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно-образовната работа | | Континуирано |
| **2.** | Учество во размена на искуства со други педагози и психолзи од основните училишта од општината и градот | Педагози психолози | Континуирано |
| **3.** | Учество во воспсптствување на соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности | Директор Психолог Наставници | Континуирано |
| **4.** | Индивидуална работа на сопственото стручно усовршување (следење стручна литература, перманентно стручно усовршување преку посета на семинари, советувања и обуки организирани од МОН, БРОи др | Педагози психолози | Континуирано |

## 6. Програмско подрачје - Педагошка евиденција и документација

| Ред.бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.** | Годишна програма за сопствената работа | Директор педагог | Континуирано |
| **2.** | Месечен оперативен план за работа | Педагог Психолог | Континуирано |
| **3.** | Хронолошки дневник за работа | Педагог | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | Евиденција за соработка со ученици, наставници и родители | Педагог<br>Психолог | Континуирано |
| **5.** | Водење на педагошки картон за работата на наставниците | Педагог<br>Психолог | Континуирано |
| **6.** | Водење на професионално досие на наставниците | Педагог<br>Психолог | Континуирано |
| **7.** | Документација за извршаната аналитичко-истражувачката работа ( прегледи, инструменти,извештаи, анализи, информации и др ) | Педагог | Континуирано |

# Г О Д И Ш Н А   Г Л О Б А Л Н А

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА НА   ПСИХОЛОГОТ   ВО УЧЕБНАТА  2022/2023 г.

## ООУ „ТОШО  ВЕЛКОВ — ПЕПЕТО” КАВАДАРЦИ

## 1. ВОВЕД

Годишната програма на училишниот психолог е подготвена врз основа на:

- Закон за основно образование (Сл. на Р.М. бр.52/02) и измени и дополнувања на Законот за основно образование (Сл. на Р.М. бр.51/07);
- Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2021/2022 година;
- Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2022/2023 година;
- Стручни материјали, евиденција од сопствената работа, разни податоци од спроведени истражувања и сл.

Главното тежиште  во работата на психологот во училиштето е создавање на услови за учење во кои се почитуваат и развиваат индивидуалните потреби, интереси и  афинитети на ученикот како и развој на ученикот во личност која може да превземе индивидуална, семејна и општествена одговорност. Во контекст на ова е и работа во насока на исполнување на една од основните мисии на основното образование – да се овозможи развој на независна, отворена, критичка, демократска и толерантна личност со вештини и компетенции за акција.
Специфични приоритетни задачи за оваа учебна година во годишната програма на психологот ќе бидат следните:

1. **Препознавање, работа и следење на успехот на надарени и талентирани ученици во училиштето;**

*Цел:* детектирање на ученици кои покажуваат талент или надареност во некоја област преку инструменти во форма на прашалници за препознавање на надареноста и талентираноста на учениците, консултации со наставниците, родителите и учениците
*Задачи:* едукација на наставниците за поимите талентираност и надареност, изготвување на инструменти за откривање на овие групи ученици, инволвирање на учениците во додатна настава и слободни ученички

активности и изготвување на посебен план за работа со истите, мониторинг на редовноста на учениците во воннаставните активности како и напредувањето на учениците и нивните успеси.

2. **Следење на процесот на адаптацијата на учениците запишани во шесто одделение во учебната 2022/23 год.**

*Цел:* следење на учениците од прво одделение и процесот на адаптација на условите во училиштето

*Задачи:* соработка со предметните наставници, прибирање и анализа на податоци за интерперсоналните односи меѓу учениците, детектирање на причините за потешкотии во адаптирањето, организирање на средби со родителите со цел создавање на подобри услови и овозможување на поддршка на учениците со потешкотии.

Покрај овие приоритетни задачи, психологот ќе работи и на реализација на активноста за советување на родителите во согласност со препораките од МОН и Програмата за советување на родител, која во училиштето се реализира според препораките од МОН, а истата ќе ја реализираат училишниот педагог и психолог. Преку советувањето родителите ќе имаат можност да ја подобрат комуникацијата со своите деца проследувајќи ги стручните презентации за стиловите на родителството и преку едукативни работилници, да ги подобрат своите комуникациски вештини, од стручен аспект да се стекнат со конструктивен начин на разрешување конфликти, како и да се запознаат со спецификите на адолесценцијата како развоен период во животот. Програмата има за цел да им помогне на родителите за поуспешно справување со разни видови потешкотии и предизвици со кои се среќаваат, поврзани со однесувањето и успехот на нивните деца.

Покрај овие работни задачи психологот ќе работи на тековни активности во училиштето: учество во изработка на Годишна програма и извештаи, специфичната проблематика која произлегува од соработката со наставниците, работа со учениците, соработка со родителите, членство во различни тела, тимови и комисии, како координатор на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, носител на активностите на проектот Со читање до лидерство, како и на сопствено доусовршување преку посета на семинари, следење на достапната стручна литература со што ќе се обезбеди поквалитетна и поиновативна работа на училиштето.

## 2. СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Содржините на стручната работа на психологот, во глобални рамки се групирани во следните подрачја:

*1.Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа*
*2.Работа со ученици*
*3.Соработка со наставници*
*4.Соработка со родителите*
*5.Аналитичко-истражувачка работа*
*6. Педагошка евиденција и документација*
*7.Соработка со локална заедница*
*8.Лично стручно усовршување*

| **1. ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | |
|---|---|---|
| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализација |
| 1 | Учество во изработката на Годишната програма за работата на училиштето | август |
| 2 | Изготвување на програма за сопствената работа (годишна и месечна) | Август |
| 3 | Формирање на паралелки – I и VI одделение | Август |
| 4 | Формирање на Одделенски заедници и Училишна заедница | Септември |
| 5 | Помош во организирањето и реализацијата на воннаставните активности (СУА, натпревари, екскурзии, отворени денови, приредби) | септември-јуни |
| 6 | Следење на изведувањето на додатна и дополнителна настава | континуирано, февруари |
| 7 | Евиденција и упис на нови ученици | Април/мај |
| 8 | Реализација на екстерното тестирање на учениците – училишен администратор | Мај/ јуни |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Присуство на одделенски и наставнички совет, состаноци на стручни активи, состаноци на Училишна заедница, Совет на родители и Училишен одбор | континуирано |

| **2. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | | |
|---|---|---|
| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализација |
| 1 | Идентификација на ученици со посебни образовни потреби | Континуиран о |
| 2 | Следење на прилагоденоста на учениците во прво одделение | Септември-декември |
| 3 | Следење на учениците кои имаат потешкотии во учењето и потешкотии во развојот | Континуиран о |
| 4 | Откривање и следење на ученици кои поседуваат талент и надареност | Континуиран о |
| 5 | Утврдување на социометрискиот статус на учениците – I одд. | февруари/м арт |
| 6 | Разговор со учениците | Континуиран о |
| 7 | Следење на ученици со емоционални проблеми, ученици со ниска самодоверба, следење на нивниот успех и пружање помош на истите | Континуиран о |
| 8 | Следење на ученици со проблеми во однесувањето и остварување на социјални врски | Континуиран о |
| 9 | Следење на ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство и ученици од потенцијално ризични семејства | Континуиран о |
| 10 | Работа со ученици – професионална ориентација | Март-мај |

| **3. СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ** |
|---|

| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1 | Посета на часови | континуирано |
| 2 | Евиденција, евалуација и обезбедување фидбек за наставни планирања | Август/септември |
| 3 | Консултативно - инструктивна работа со наставниците за имплементација на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието | Август-/ |
| 4 | Советодавна работа со одделенските раководители кои имаат ученици за реализирање на Програмата за советување на родители | континуирано |
| 5 | Консултативно - инструктивна работа со наставниците и при изведувањето на слободните активности, додатната, дополнителната, натпревари во знаења, награди, конкурси и слично. | Октомври-мај |
| 6 | Соработка со наставниот кадар во водење на Професионално досие на наставникот | континуирано |

| **4. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ** | | |
|---|---|---|
| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализација |
| 1 | Присуство на состаноци на Совет на родители – презентација на Годишна програма, извештаи, тековни работи (проекти, активности..) | континуирано |
| 2 | Реализација на Програмата за советување на родители | континуирано |
| 3 | Советодавна работа со родители на ученици кои имаат потешкотии во учењето, мотивираноста, ученици со проблематично однесување и емоционални потешкотии | континуирано |
| 4 | Советодавна работа со родители на надарени и талентирани ученици | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Соработка со родителите во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието | континуирано |
| 6 | Присуство на родителски средби (на барање на одделенскиот наставник) | по потреба |

| 5. АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА | | |
|---|---|---|
| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализација |
| 1 | Изготвување на програмски прилози – Годишна програма за работа на училиштето | Август |
| 2 | Изготвување анализи и извештаи за работата на училиштето | Континуирано |
| 3 | Изготвување извештај за сопствената работа. | Јуни/јули |

| 6. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА | | |
|---|---|---|
| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализација |
| 1 | Прибирање и евалуирање на Годишни планирања на наставниците | Август/септември |
| 2 | Доставување на наставниот план за деветгодишно образование до одделенскиот раководител со инструкции за внесување на предметите во Дневникот | Август/септември |
| 3 | Изработка на стандарди за Годишни, тематски и дневни планирања | Август/септември |
| 4 | Креирање на педагошки картон и професионално досие за нововработени наставници | септември |
| 5 | Разгледување и ажурирање на професионалното досие на наставникот | Јануари и јули |

| 7. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА | | |
|---|---|---|
| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализација |
| 1 | Соработка со Министерство за внатрешни работи – ПС од ОН Кавадарци<br>- септември – едукација на учениците од прво одд. за безбедност во сообраќајот<br>- декември – едукација на учениците за опасностите од пиротехнички материјали, алкохол и употреба на droги<br>-второ полугодие – активности за содавање на училиште без насилство | Континуира но |
| 2 | Соработка со ЈЗУ Општа болница – Кавадарци<br>- размена на податоци со ЈЗУ Општа болница Кавадарци - Детска и превентивна стоматологија<br>- доставување на списоци со ученици за систематски преглед до ЈЗУ Општа болница Кавадарци | Континуира но |
| 3 | Соработка со Локална самоуправа – Росоман | Континуира но |
| 4 | Соработка со невладини организации (НВО Зона, Еко – живот, СППМД, Креатив и сл.) | Континуира но |
| 5 | Соработка со психолози од основните училишта од општина Кавадарци | Континуира но |

| 8. ЛИЧНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ | | |
|---|---|---|
| Реден број | СОДРЖИНСКИ ЦЕЛИНИ | Време на реализац ија |
| 1 | Присуство на менторски средби во рамките на ПМИО | Континуи рано |
| 2 | Посета на семинари и обуки (во рамките на училиштето и надвор од него) | Континуи рано |
| 3 | Индивидуално стручно усовршување преку следење на стручна литература (дидактичко методска литература), семинари, работилници | Континуи рано |

# Годишна глобална програма за работа на ЛОГОПЕДОТ

# во учебната 2022/2023 година

**Основи за програмирање на работата на логопедот**

**Логопедот во училиштето работи на:**

-воспитно-образовната дејност на училиштето и идентификување на оние аспекти од воститно-образовната работа што се во доменот на неговата стручна компетенција;

-планирање програмирање на сопствената работа;

-непосредна работа со лица со растројство и недоразвитие во говорот и гласот,од предучилишна возраст и училишна возраст,со цел ублажување или целосно отстранување на растројството;

-советодавна-консултативна работа;

-водење педагошка евиденција и документација;

**Подрачја и содржини на работа**

**1.Планирање ,програмирање и водење на документација**

- учествово подготовката на Годишната програма за работа во училиштето,развојната план и програма за работа на логопедот;

- развојна план и програма на инклузивното воспитание и образование,индивидуална развојна и стимулативна програма за ученици со потешкотии во развојот;

-следење иразвојна образовнипостигања на учениците;

- постигање на добри резултати на учениците со потешкотии во учењето;

-спречување нанесакани последицикои можат да произлезат од овие потешкотии;

- грижа за подобра интеграција на учениците со потешкотии во учењето;

-советодавна работана наставниците ,родителите и учениците со пречки во развој;

- проверување  на психофизичките способности и степента на говор на учениците пред поаѓање на училиште;

-соработка со директороти други стручни кадри вои надвор од училиштето;

- водење на документација на учениците кои што имаат  потешкотии во говорот и во учењето;

**2. Логопедски третман**

Логопедскиот третман содржи : логопеска  терапија, логопедска дијагностика, и артикулациски третман кај учениците кои се идентификувани со патологија на вербалната комунукација.

* Логопедската  терапија е спроведена преку :

- инструирање на наставниците (советува,укажува,презентира,покажува) преку организирање на нагледните часови,стручни предавања,стручна литература,за поуспешна работа со овие ученици;

- советување на родителите (индивидуално) како да се однесуваат кон своите деца;

-разговор со родителите и давање упатство на родителите за работата со нивните деца дома,со цел побрзо отстранување на говорното растројство,кои методи ќе се применуваат и колку време ќе траат вежбите;

-им помага на родителите да го совладаат чуството на вина,самосожалување или агресија кон своето дете (за ова треба да помогнат и други стручни лица) од што ќе произлезе рационален однос кон целокупната ситуација (очекувањето од детето,од наставникот,другарчињата);

*****Логопедската дијагностика вклучува тестирање на учениците со однапред припремени тестови .Тестирањето се спроведува два пати во годината и тоа на почетокот на училишната година во месец Септември , и има за цел да ги евидентира учениците со дислалија т.е.говорно растројство и второто тријажно тестирање се реализира во месец Мај  и претставува евалуација на логопедскиот третман во текот на годината.

*Артикулацискиот третман вклучува стимулација, терапија, вежби иевалуација. Логопедискиот третман се изведува индивидуално во временски период од 25-30 минути.Во зависност од растројството и возраста на децата, како испособноста да се формира група ,третманот може да се изведува и во група.Во групата се опфатени најмногу тројца ученици.

### 3. Непосредна работа со учениците

- дијагностицирање и откривање на растројство на говорот и говорната комуникации и одредени потешкотии во читањето, пишувањето и други потешкотии во учењето.За да се најде најдобра помош на овие ученици е неопходно да се утврди видот и степенот на нарушување;

- третман за неправилен говор на одредени гласови (испуштање ,заменување ).

- логоритмични вежби;

- превентивна работа со учениците при која што се базира на поттикнување и исправување на изговорот на одредени гласови;

- работа со учениците кои имаат целосна неспособност да изговараат гласови како што се ,,Р,'' ;,Л'' , ,,Љ'' , ,,Њ'' и други;

- работа со учениците за недоволно развиена јазични структура, како што е речник, граматика и синтакса, во однос на возраста и нормите на возраста;

- работа со ученици при кој има високо вербално заостанување на менталниот и физичкиот развој, како што е болест, лесна ментална попреченост и несоодветни социо-културните фактори (со исклучок на деца чиј мајчин јазик не е официјален и има непознавање на истиот и бара посебен третман);

- работи со учениците кои имаат потешкотии во процесот на читање, пишување и математика, кои поради субјективните неврофизиолошки, аудио-визуелни, перцептивни, визуелни и емоционални нарушувања не одговараат на барањата на наставата и иако има голема ангажираност од страна на наставниците и семејствата;

-работа со учениците кои пелтечат, зборуваат премногу брзо или патолошки бавен, и кои се надвор од наставната вербална комуникација ,а на часовите доживуваат емоционални и физички блокади, страв од зборување, говорна несигурност или неспособност да се говори во специфични околности;

-превенција, дијагноза, рехабилитација на пореметувања на вербална и невербална комуникација со учениците со посебни образовни потреби (ментална болест, церебрална парализа и хронични заболувања, аутизам).

**4.Непосредна работа со  ученици со посебни образовни потреби**

Работата со учениците со посебни образовни потреби  претсатува Развојна програма за инклузивно воспитавање и образование и учество во тимот за за инклизивно воспитавање и образование  исто така и  подршка на тимови,и непосредна работа со учениците со посебни образовни потреби во кој вклучува индивидуална логопедска терапија, во кој се применуваат методи за кој се смета дека се соодветни поединечно за секој ученик .Оваа работа вклучува и помагање од страна на наставниците,а исто така, работата со родителите е дел од активностите на логопедската терапија. за да се воспостави добра соработка,детето доби соодветно охрабрување и подршка од семејството, а родители  се целосно информирани за проблемот.

**5. Советодавна-консултативна работа**

***Соработка со наставниците**

-соработка со наставниците, со цел што подобро запознавање  на потешкотиитена ученикот и неговите  способности;

-запознавање  на наставниците со современи  и ефикасни методи за работа со цел за  отстранување или ублажување на растројството на ученикот во образовниот процес;

-запознавање на наставниците  со ставовите на родителите кон децата со овие растројства;

-помош нанаставниците во правењето на индивидуализирана образовни програми;

-запознавање на наставници сонова литератураво врска соученици кои имаат потешкотии во говорната комуникација,јазични потешкотиии потешкотии во учењето;

-соработка со наставниците за рано откривањеи дијагностицирање на учениците;

***Соработка со родителите**

-запознавањена родителите за логопедската работа со учениците на објективени разбирливи начини во однос на културни,образовни и други специфични особености на родителите;

- давање на подршка на родителите во препознавањето и разбирањето на говорно-јазичните способности на ученикот;

- давање на инструкции на родителите за развој на говорно-јазичните способности на ученикот;

-информирање на родителите за напредокот на учениците во логопедскиот третман;

-работа со родителина ученици со посебни образовни потреби и нивно охрабрување да учествуваат во развојот на индивидуалната образовна програма;

***Соработка со стручниот тим во училиштето**

- учество во работата на Наставничкиот совет;

- учество во работата на Оделенскиот совет;

- работа со стручниот тим во училиштето;

**6.Водење педагошка евиденција и документација:**

- водење на дневник;

- пишување логопедки лист за секој ученик при вклучување на логопедскиот третман и за неговата понатамошна напредување;

- изготвување на Годишен извештај;

- водење на документација за работа на логопедот (план и програма за работа,неделни,месечни програми);

- водење и следење на дел од педагошката евиденција и документација на ниво на училиштето;

**ГОДИШНА ГЛОБАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО УЧЕБНАТА 2022/23**

Во структурниот состав на основите на програмата за работа на училишниот библиотекар , опфатени се покарактеристичните задачи на училишната библиотека и содржините и активностите како елементи за избор и програамирање, групирани во програмски подрачја и тоа:

- **воспитно- образовна работа со учениците ;**
- **соработка со наставниците , стручните соработници и родителите;**
- **библиотечна - информативна и стручна работа.**

**Основни задачи на училишната библиотека:**

-развивање на културата на читање на творечкиот потенциијал , критички и самокритички однос на учениците;

-потребни информации при барањето на одредена литература во училишната и другите библиотеки;

-културна дејност на училиштето и равивање на тајните културни вредности;

-поттикнување и оспособување на учениците за користење на дополнителна литература;

-организирање на планско и систематско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на кнниженнекнижен фонд;

-континуирано и систематско водење на пропишана евиденција , документација , ревизија и заштита на библиотечниот материјал;

-врши функција на комуникација;

-меѓубиблиотечна сорабока.

**Програмски подрачја , содржини и активности**

## 1.Воспитно – образовна работа со учениците

-Планирање и програмирање на работата со ученици во училишната библиотека и библиотекарската секција;

-свечено зачленување на учениците од прво одделение;

-развивње на читателско – креативни способности кај учениците;

-оспособување на учениците за користење на разни методи за самостојно учење;

-испитување , развивање и насочување на интересот на учениците за книгата , во склад на нивните желби , склоности и потреби;

-формирање навики кај учениците за внимателно ракување , чување и заштита на

библиотечниот материјал којшто го користат;

-организирано и систематско зпознавање на учениците со библиотечниот материјал и библиотечното работење;

-запознавање на учениците со значењето и користењето на содржината на регистарот на книгите;

-систематско запознавање на учениците со значењето и функцијата на авторот на книгата;

-запознавање на учениците со поимот предговор и поговор;

-изградување критички став за вреднување на делата.

## 2.Соработка со наставниците , стручните соработници и родителите

-планирање на соработката со наставниците и стручните соработници за ангажирање во библиотеката и активно учество во изведувањето на тимска , групна работа предвидени со годишниот план на училиштето;

-соработка со наставниците и стручните соработници во планирањето , набавката и обновата на книжен и некнижен фонд за потребите на наставата и вонннаставните активности;

-соработка со наставниците од подрачните парлелки

-информирање и соработка со родителите

-следење и вреднување на работата на учениците во училишната библиотека;

-соработка со училишниот библиотекарски фонд;

**3.Културна и јавна работа**

-планирање на реализацијата на културно – просветни манифестации во училиштето и посета на соодветни манифестации организирани надвор од училиштето;

-организирање на посета на саемот на книгата;

-одбележување на месецот на книгата;

-соработка со училишни и  други библиотеки;

**4.Библиотечно – информативна и стручна работа.**

-упатување на учениците за можностите и начините за користење на училишните библиотеки ;

-следење на интересот на корисниците;

-систематско информирање на корисниците на библиотелката за новоиздадените и набавени книги;

-усни и писмени информации за книгите;

-планирање и обнова на книжниот и некнижниот фонд;

-обезбедување на потребната стручна литература;

-учество во обезбведување бесплатни учебници за учениците , поделба по одделенија , во соработка со одделенските раководители и наставници под раководство на Директорот и Наставничкиот совет;

-изработка на единствен библиографски – каталошки опис на стручна обработка на библиотечниот материјал според меѓународните стандарди;

-формирање на азбучен – предметен каталог;

-инвентирање , сигнирање , сместтување и друга техничка обработка;

-ревизија и заштита на книжниот и некнижниот фонд

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Училишниот одбор како орган на управување во училиштето има свои обврски и надлежности според чл. 126 од Законот за основно образование.

Училишниот одбор во тековната учебна 2022 / 2023 година планира да одржи 6 до 8 состаноци, а попреба и повеќе. На состаноците Училишниот одбор планира да ги изврши следните активности:

| АКТИВНОСТИ | НОСИТЕЛ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| -Информација за подготовките во училиштето за почетокот на новата учебна година | -Членови на Училишен одбор<br>-Директорот | Август |
| -Предлага Годишна програма за работа на училиштето до Советот на општината за тековната учебна година | -Работна група за изготвување на Годишна програма | |
| -Разгледува Предлог мерки од самоевалуацијата на училиштето | -Работна група | Септември |
| -Издавање на училишен простор под закуп (фискултурна сала) | | |
| -Информација за активностите на училиштето од Планот за развој на училиштето | -Работна група | |

| | | |
|---|---|---|
| -Информација за измените и дополнувањата на Наставниот план за воспитно-образовната дејност во основното училиште | -Директор | |
| -Давање мислење за прием на наставен кадар<br><br>-Донесување на правилнициза потребите на училиштето<br><br>-Предлагање финансиски план до основачот<br><br>-Предлагање на завршна сметка до основачот<br><br>-Разгледување на полугодишен извештај за работата на училиштето | Членови на училишен одбор<br><br>Директор и педагог | Во текот на годината<br><br>Јануари<br><br>Февруари |
| -Одлучува по приговори на ученици, родители или старатели<br><br>-Разгледува и други прашања утврдени со статутот на училиштето и ЗОО<br><br>- Разгледува и предлага Извештај за работата на училиштето до | -Членови на Училишниот Одбор и директор<br><br>-Директор и членови на училишниот одбор | - По потреба<br><br>-По потреба<br><br>-јуни |

| | | |
|---|---|---|
| Советот на општината во тековната 2021/2022 | | |

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО**

| ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| Избор на нови членови во СР | Родители, наставници | Септември |
| Запознавање на членовите на СР со промените во наставниот план и програма<br><br>Ученички екскурзии<br><br>Критериуми за оценување<br><br>Информација од активностите на на училиштето од Планот за развој на училиштето.<br><br>Учество на Советот на родители во подобрувањето на работните услови во училиштето | | септември<br><br>во текот на<br><br>годината |
| Разгледување прашања и<br><br>проблеми во врска со<br><br>организирање на воспитно -<br><br>образовната работа на<br><br>училиштето | | во текот на<br><br>годината |
| Осврт од одржаните одделенски<br><br>совети од учебната 2021/2022г. | | ноември<br><br>април |
| Разгледување на полугодишен | | февруари |

| | | |
|---|---|---|
Превенцијата од насилно однесување и промовирање на просоцијални форми на однесување кај сите чинители на училиштето е една од приоритетните цели во превентивната практика на училиштето. По спроведената ревизија во училиштето се воведе ***Политика за ненасилно однесување***чија основна цел е: подобрување на однесувањето и намалување на насилството-создавање на позитивна училишна клима. Политиката  се операционализира на сите нивоа низ различни активности и се испреплетува низ целиот воспитно образовен процес преку интеграција на содржини во редовната настава и одделенските часови, организирање вонаставни едукации работилници и трибини со ученици, родители и наставници, развивање на системи за подршка за ученици, наставен кадар и родители, систематско стимулирање на позитивни форми на однесување и пропишани санкции за несодветно однесување и следење на

состојбите во училиштето. Покрај политиката во училштето се воведе и интервентен протокол за постапување во случај на насилство кој ги пропишува улогите и одговорностите на сите чинители.  Стручната служба покрај училишните активности е во континуирана соработка и со релевантните институции со цел заедничко делување преку едукативни и други активности и тековно ги следи оперативните планови на Оддел за превенција при МВР-Кавадарци како и Општински совет за превенција за малолетничко престапништво со цел реализација на заеднички активности во насока на намалување на насилството. Училишниот психолог континуирано ја релизира Програмата за советување на родители и ученици.

Во текот на оваа учебна година ќе се превземат и низа кативности за усогласување на постечките интерни акти и порцедури со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување.

## Програма за превенција од насилно однесување за учебната 2022/23год

| бр | Активност | Одговорни за реализација | Целнагрупа | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Иформирање и подготовка на наставен кадар за примена на Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва од насилство злоуптреба и занемарување | Директор<br>Назначен стручен соработник | Наставници<br>Ученици<br>Родители | Август/септемвр и |
| 2 | Актуелизирање напостоечката училишна политиказа намалување на насилството, протокол за постапување и кодекс за однесување на класен час и родителски средби и информација за нивно ревидирање | Психолог<br>Одделенски раководители<br>Тим за ненасилство | Ученици<br>Наставници<br>Родители | Септември/Окто мври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Ученички парламент Директор | | |
| **3** | Формирање тим за ревидирање на училишните интерни акти и усогласување на процедурите и постапките со Упатството Назначување на одговорно и контакт лице | Директор Назначен стручен соработник Тим за превенција од насилство | Ученици наставници Родители | Прво полугодие |
| **4** | Едукација и подршка на наставен кадар во препознавање, превенција и справување со насилно однесување и примена на процдури од упатството од упатството | Директор Психолог | Наставници | Прво полугодие |
| **5** | Воспоставување процедура за доследно евидентирање на случаи на насилно однесување и просоцијални постапки од ученици согласно Упатството | Назначено контакт лице Одделенски раководители Дежурни наставници Дежурни ученици Психолог | Ученици Наставници Стручна служба | Прво полугодие |
| **6** | Формирање комисија за намалување на насилство во Ученички парламент | Ученички парламент Одговорни наставници Психолог | Ученички парламент Одговорни наставници | Октомври |
| **7** | Интеграција на содржини за превенција од насилство во редовна настава и реализирање на соржини од програма за Животни вештини на одделенски час | Предметнинастав ници Одделенскинастав ници | Ученици | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8** | Вonнаставна едукација / Циклус од работилници за “Ненасилно разрешување конфликти” | Психолог | Ученици од VII и VIII одд. | Второ полугодие |
| **9** | Остварување на средби со реонски полицаец | Стручна служба Директор | Ученици | По потреба |
| **10** | Психолошки работилници на тема “Препознавање и спречување на насилство” | Психолог | Ученички парламент | Прво полугодие |
| **11** | Учество во настани и работилници на тема “Говор на омраза” | Психолог НВО СППМД | Учениците одпредм етнанастава | Во зависност од оперативниот план на Нво СППМД |
| **12** | Советодавна работа со ученици кои манифестираат насилно однесување и поддршка на ученици жртви на насилство | Стручнаслужба | Ученици | Во текот на целата учебна година |
| **13** | Соработка со локалната заедница, ЦСР, МВР, Општински совет за превенција и невладин сектор преку консултативни состаноци и заеднички активности на ниво на општина | Психолог | Ученици | Во текот на целата учебна година |
| **14** | Соработка со ЦСР, МВР во случаи на насилство каде е детектирано потреба од пријава | Директор Контакт лице | / | Тековно |
| **15** | Организирање настани со цел промовирање на Мир и толеранција, ликовни и литературни конкурси | Стручна служба Тим за Ненасилство Наставници | Ученици Родители | Календарски |
| **16** | Советодавна работа со родители на ученици вклучени во насилство | Психолог | Родители Ученици | Континуирано |
| **17** | Едукативни предавања и работилници со родители на тема Превенција од насилство | Психолог | Родители | Континуирано По утврдена потреба |

## ***ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ОЦЕНУВАЊЕ***

ОЦЕНУВАЊЕ

Планирање на оценувањето на постигањата на учениците во учебната 2022/23 година

Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето е процес на добивање на информации за тоа како ученикот учи, а тие можат да користат за разновидни одлуки за планирање на цели и активности. Поаради обезбедување на поголема објективност се формираат комисии од ученици кои вршат оценување во рамките на работна група, пар или индивидуално.

Со планирањето се предвидува подобрување на квалитетот на оценувањето и наставниците имаат за цел да допринесат за повисоки постигања во учењето на учениците.

Во рамките на основното образование постојат три развојни периоди, врз чија основа се темели начинот на оценување на постигнувањата на учениците и тоа :

-Од I до III  одделение се применува описно оценување;

-Од IV до VI одделение – комбинирано и

-Од VII до IX  одделение бројчано оценување на постигнувањата на учениците.

При оценувањето се земаат во предвид писмените и усните одговори на учениците согласно со законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

Врз основа на приложените стандарди од страна на БРО и МОН, наставниот кадар ги изработува и имплементира критериумите за оценување на постигнувањата на учениците и преку истите добива повратна информација за стекнатите знаења. Очекуваните резултати здобиени преку соодветните индикатори кај секој предметен наставник се во корелација со поставените цели и дадените задачи за секој од горе споменатите класифициони периоди.

Заради обезбедување на навремени и релевантни показатели за учењето и постигањата на учениците се врши континуирано формативно и сумативно оценување во текот на целата учебна година.

Сумативното оценување е сложен и одговорен процес на критичко-синтетичко проценување на постигнувањата на учениците од страна на наставникот и се врши на крајот од одредена тема или полугодие.

Формативното оценување подразбира прибирање и интерпретирање на информации со цел да се влијае на подучувањето и учењето.

Со цел за подобрување на континуитетот и објективноста во оценувањето во рамките на училиштето е формиран тим за следење,анализа и подршка со индикаторите прикажани во табелата подолу

| Следење и анализа на состојбите со оценувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи Активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Следење повратна информац.** | **Временска рамка** | **Критериуми за успех** |
| *Планирање на оценувањето на сите нивоа* | директор,стручна служба,наставници | ученици, родители, наставници | стручни материјали | наставни програми и стандарди за оценување | анализа на сите видови планирања | Октомври | Подобрен квалитет на планирањата |
| *Увид во дневните планирања* | директор, педагог, помошник директор,- психолог | наставници | -дневно оперативни планирања | извештај од увидот | консултација со наставници | континуирано | подобрени дневни планирања |
| *Следење на наставни часови* | директор, педагог, психолог | ученици,<br>наставници | -дневно оперативни планирања | -евидентен лист за посета на час, | -разговор по посетениот час,<br>-извештај од извршениот увид | континуирано | реализирани часови со примена на новите методи и форми за оценување |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обука на наставници почетници во врска со оценувањето* | Наставници ментори | Наставници што не посетувале семинар за оценување | Материјали од семинарите | Консултативни разговори и нагледни часови | Извештај од посетен час кај наставник почетник | По потреба | Обучени наставници почетници |

***План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.***

| Подрачје | Активности | Цели | Време/реализација | Носители | Ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оценување | Изработка на инструменти за следење на наставни часови и воннаставни активности | Мерливост на ВОР | Август, септември | Директор, стручна служба | Годишна програма на училиштето | Објективна мерливост |
| | Следење на реализација на часови со примена на активна настава | Утврдување на потребите и приоритетите на училиштето за остварување повисоки резултати | Септември-октомври и април-мај | Директор, стручна служба, наставници | Годишно планирање на наставниците | Успешно реализирана активна настава |
| | Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава | Вреднување на постигањата на наставниците | Септември-октомври | Директор, стручна служба | Евиденција – инструментите од следењето | Увид во реализацијата на наставата |
| | Следење реализација на додатна и дополнителна настава | Подобрување и продлабочување знаењата на учениците | септември-јуни | Директор, стручна служба | Извештаи, педагошка евиденција | Реализација на планирани содржини за дод.и доп. н-ва |
| | Евалуација на професионален развој на вработените | Подобрување на проф.компетенции на н-ците | септември-јуни | Директор, стручна служба | Професионално досие | Увид во проф. досие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Следење на реализација воннаставни активности | Увид во реализацијата на планот за воннаставни активости | септември-јуни | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, фотографии за реализирани вонн.активности, линкови и сл. | Реализација на планирани воннаставни содржини |
| | Индивидуално и групно предлагање на мерки за подобрување во одделни сегменти во работењето | Надминување на воочените пропусти во реализацијата | континуирано | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, евиденции за следење | Подобрување на наставата |
| | Следење работата на стручните активи | Работата и соработката во стручните активи во реализација на наставните и воннаставните активности | септември-јуни | Директор, стручна служба | Евиденција за работа на стручните активи | Реализацијата на Програмата за работа на стручните активи |
| | Следење на реализацијата на акциските планови од Годишната програма за работа на училиштето | Текот на реализацијата на акциските планови од Годишната програма за работа на училиштето | Декември и мај | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, фотографии за реализирани вонн.активности, линкови и сл | Утврдување на степенот на реализација на акциските планови |
| | Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година | Конкретизација на постигањата | септември-јуни | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, евиденции за следење, пед. докум. и евиденција | Утврдуање на индикаторите за квалитет на н-вата |

# Програма за самоевалуација на училиштето

Законска обврска има секое училиште согласно член 129 став 1 од Законот за Основно образование ( Сл.весник на РСМ бр.161/19), да изготви самоевалуација на работата на училиштето.

Самоевалуацијата беше спроведена во учебната 2021/22 година ја спроведе училишната комисија во состав: педагог Лилјана Шемова, психолог Верџинија Стојкова, наставници Зора Милкова и Македонка Николова, член на Совет на родители Васка Таневска. Самоевалуацијата се изведува со цел попрецизен увид во работата на училиштето и напредокот и постигањата како и давање понатамошни препораки за подобрување на условите и стандардите на воспитно образовниот процес преку унапредување и осовременување на наставата и наставниот процес. Преку извршената самоевалуација може да се процени квалитетот на работата на училиштето, да се индентификуваат областите каде е потребно подобрување и да се оспособи раководниот кадар да донесува издржани одлуки за одржување на јаките и надминување на слабите страни од работата на училиштето.

Самоевалуацијата се реализира врз основа на седум клучни области кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и тоа:

1.Наставни планови и програми;
2.Постигнувања на учениците;
3.Учење и настава;
4.Поддршка на учениците;
5.Училишна клима и односи во училиштето;
6.Ресурси;
7.Управување, раководење и креирање политика.

Секоја клучна област има одреден број на подрачја – теми кои се однесуваат на одредена активност што се следи во училиштето.

Комисијата ја евалуираше работата на училиштето според сите извори на податоци со кои што располага училиштето и врз основа на истите констатира успешност и напредок на училиштето и секое од седумте наведени клучни аспекти го оцени со мн. добро.

Начинот на кој се собираат доказите и податоците се: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување, анкети со ученици, родители и наставници и анализа на документите. По целосната анализа комисијата се произнесе и ги даде своите видувања и ставови за тоа кои се клучните јаки и слаби страни на училиштето



# Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

На мерки и активности за превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди и епидемии или други ризици

**Вовед:**

Согласно член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. Весник на Р.Македонија“ бр.29/05 од 04.05.2005 година) ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци е утврден како субјект на системот за управување со кризи на локално ниво и истиот е должен да превзема мерки за остварување на истиот.

ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци во Системот за управување со кризи на локално ниво учествува во превенција, рано предупредување и справување со кризна состојба согласно Закон со кој се уредува надлежноста.

Во превенција и справување со кризната состојба ООУ“Тошо Велков-Пепето„Кавадарци има обврска за заштита и спасување на вработените, лицата кои се затекнале во јавната установа и материјалните добра, како и отстранување на последиците од кризна состојба.

Основни податоци:

Основно општинско училиште _“Тошо Велков-Пепето„Кавадарци се наоѓа во град Кавадарци општина Кавадарци, на улица Димката Ангелов –Габерот бр.27 , располага со 6300 м2 дворна површина, 3995м2 простор за остварување на дејноста – училишна зграда, изградена од тврда градба со следните простории:

- 24училници,

- 1 канцеларија за наставници,

- 1канцеларија за директор,

- 1 канцеларија за психолог и педагог,

- 1 канцеларија логопед,

- 1канцеларија за секретар и секретар администратор кој врши благајнички и слични работи,

-1 просторија за архива,

- 1 просторија наменета за остава ,

- 1просторија за хигиеничари,

- 1 работилница на хаус мајстор,

- 1просторија наменета за библиотека,

- 1кујна,

- Ве-ца за наставници -2,

- Ве-ца за ученици 4+4,

- Просторија за парен котел-1.

- Скривница -1

Во ООУ“Тошо Велков-Пепето„Кавадарци има вкупно 65 вработени, од кои 1 лице директор, 3 лица стручни соработници, 1 лица административни работници, 11 лица технички персонал и 49 лица даватели на јавни услуги- наставници. Овие 65 вработени се на платен список во училиштето, а уште 4 лица наставници доаѓаат од други училишта за надополнување на наставата.

Во објектот настава следат 599 ученици, чиј број секоја година или во текот на годината може да биде намален или зголемен.

Настава во училиштето се изведува во две смени од 7,30 часот до 12 и 50 и 13,30 до 18,30 часот секој работен ден.

Објектот располага со потребната инфраструктура ( електро, водородна и канализациона мрежа)

Затоплувањето во просториите е со парно греење со огревни дрва и пелети кои редовно се набавуваат пред почетокот на грејната сезона. Огревиот материјал е складиран настрана од објектот.

**Ризици и опасности што ги загрозуваат добрата, здравјето и животот**

**на луѓето во ООУ,,Тошо Велков-Пепето,,Кавадарци**

Според изврШните анализи за потенцирани ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето во ООУ ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци се:

**1.Пожари**

Објектот и инфраструктурата во ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци може да биде загрозено од пожари настанати од дефект на електрична инсталација, пожари настанати од користење на тврд материјал за затоплување и пожари настанати од природни непогоди.

**а. Мерки за превенција**

- Проверка и одржување на електричната инсталација во исправна состојба,

- Складирање на огревниот материјал на безбедно место,

- Обезбедување на потребна опрема за заштита од пожар,

- Оспособување и увежбување на ученици и вработени за превземање на мерки за заштита од пожари.

**б. Рано предупредување на опасностите**

- Известување на учениците и вработените за настанатиот пожар,

- Известување за опасноста на надлежните органи ( општина Кавадарци, регионален центар за управување со кризи Кавадарци, територијална противпожарна единица, полициска станица од општа надлежност подрачно одделение на Дирекцијата за заштита и спасување, и др.

**в. Справување со настаната опасност од пожари**

- Организирање на активности за безбедно напуштање на работните простории од страна на учениците, вработените и други присутни,

- Превземање на активности за почетно гаснење на пожарот со ангажирање на **вработени** и расположливите технички средства.

Преглед на ангажирани сили – средства со кои се располага

| Р.бр. | Ангажирани сили | број | Лица што раководат |
|---|---|---|---|
| 1 | Вработени | 65 | Директор, помошен директор |
| 2 | Ученици | 599 | Наставници кои во моментот држат настава |

1) Барање на помош заради справување со настанатиот пожар

*Територијална противпожарна единица за гасење на пожар тел. 193 или 043/ 410-141

*Итна медицинска помош доколку има повредени или загрозени тел. 194 * ЕВН за исклучување на електричната енергија тел: 0890 88888

*Полициска станица за општа надлежност Кавадарци заради превземање на мерки за безбедност и регулирање на сообраќајот околу објектот тел.192

**г.Употреба на ресурсите ( човечки и материјални)**

При прогласена кризна состојба на потесното и поширокото подрачје од страна на ООУ ООУ "Тошо Велков-Пепето„Кавадарци ангажирани се сите вработени со целокупните материјално -технички ресурси кои ги поседува.

Преглед на материјално технички ресурси

| Ред.бр. | Вид на материјално течничко сретство | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Хидранти | 9 |
| 2 | ПП Апарати | 17 |
| 3 | Лопати | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Копачи | 4 |
| 5 | Носилка | 1 |
| 6 | гас маски | 10 |
| 7 | Гумени нараквици | 10 |
| 8 | Гумени чизми | 10 |

**2. Поплави**

Објектот и инфраструктурата во ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци може да биде загрозен од поплави настанати од дефект на водоводната и канализациона мрежа, поплава настаната од природни непогоди – Поројни води и висок водостој во реката Луда Мара која е во непосредна близина на училиштето.

**а. Мерки за превенција**

- Проверка и одржување на водоводната и канализационата мрежа во исправна состојба,

- Обезбедување на потребна опрема за заштита од поплави,

- Оспособување и увежбување на ученици и вработени за превземање на мерки за заштита од поплави.

**б. Рано предупредување на опасностите**

- Известување на учениците и вработените за настанатананата поплава,

- Известување за опасноста на надлежните органи (општина Кавадарци, регионален центар за управување со кризи Кавадарци, Јавно претпријатие Комуналец во општина Кавадарци, територијална противпожарна единица, полициска станица од општа надлежност подрачно одделение на Дирекцијата за заштита и спасување, и др.

**в. Справување со настаната опасност од поплави**

- Организирање на активности за безбедно напуштање на работните простории од страна на учениците, вработените и други присутни,

- Превземање на активности за почетно справување и запирање на поплавата со ангажирање на вработени и расположливите технички средства.

Преглед на ангажирани сили – средства со кои се располага

| Р.бр. | Ангажирани сили | број | Лица што раководат |
|---|---|---|---|
| 1 | Вработени | 65 | Директор, помошен директор |
| 2 | Ученици | 599 | Наставници кои во моментот држат настава |

2) Барање на помош заради справување со настанатата поплава
* Јавно претпријатие Комуналец во општина Кавадарци, телефон: 043/ 414- 018

*Територијална противпожарна единица за гасење на пожар тел. 193 или 043/ 410-141

*Итна медицинска помош доколку има повредени или загрозени тел. 194

*Полициска станица за општа надлежност Кавадарци заради превземање на мерки за безбедност и регулирање на сообраќајот околу објектот тел.192

**г.Употреба на ресурсите ( човечки и материјални)**

При прогласена кризна состојба на потесното и пошироко подрачје од страна на ООУ ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци ангажирани се сите вработени со целокупните материјално -технички ресурси кои ги поседува.

Преглед на материјално технички ресурси

| Ред.бр. | Вид на материјално течничко сретство | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Лопати | 4 |
| 2 | Гумени нараквици и гумени чизми | 10+10 |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |

**3. Земјотреси**

Секоја област на земјината површина во зависност од комлпексот на физичко географските услови има свои специфичности и природни предиспозиции за одредени појави и процеси, а со тоа и за одредени видови на природни непогоди. Објектот и инфраструктурата во ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци може да биде загрозено од  природни непогоди – земјотреси.

За првично санирање и спречување од ширење на штетата се преземаат организациски, технички и други мерки и употреба на технички и други средства за непосредна лична и колективна заштита со активирање на учесниците во системот на заштита и спасување, со вклучување на организираните сили за заштита и спасување, како и на цивилната заштита. Во вакви случаи се активираат средствата за заштита и спасување – опрема, алат, објекти за привремено сместување, објекти и опрема за оспособување, магацини, превозни средства, телекомуникациски и алармни уреди, како и материјал кој наменски се употребува за заштита и спасување.

**а.  Мерки за превенција**

- Оспособување и увежбување на ученици и вработени за превземање на мерки за заштита од земјотреси.

**б. Рано предупредување на опасностите**

-  Известување на учениците и вработените за настанатиот земјотрес,

- Известување за опасноста на надлежните органи (општина Кавадарци, регионален центар за управување со кризи Кавадарци, Јавно претпријатие Комуналец во општина Кавадарци, територијална противпожарна единица, полициска станица од општа надлежност подрачно одделение на Дирекцијата за заштита и спасување, и др.

**в. Справување со настаната опасност од поплави**

- Организирање на активности за безбедно напуштање на работните простории од страна на учениците, вработените и други присутни,

- Превземање на активности за справување со настанатиот земјотрес со ангажирање на вработени и расположливите технички средства.

Преглед на ангажирани сили – средства со кои се располага

| Р.бр. | Ангажирани сили | Број | Лица што раководат |
|---|---|---|---|
| 1 | вработени | 64 | Директор, помошен директор |
| 2 | ученици | 611 | Наставници кои во моментот држат настава |

3) Барање на помош заради справување со настанатата поплава

* Јавно претпријатие Комуналец во општина Кавадарци, телефон: 043/ 414- 018

*Територијална противпожарна единица за гасење на пожар тел. 193 или 043/ 410-141

*Итна медицинска помош доколку има повредени или загрозени тел. 194

*Полициска станица за општа надлежност Кавадарци заради превземање на мерки за безбедност и регулирање на сообраќајот околу објектот тел.192

**г.Употреба на ресурсите ( човечки и материјални)**

При прогласена кризна состојба на потесното и поширокото подрачје од страна на ООУ "Тошо Велков-Пепето„Кавадарци ангажирани се сите вработени со целокупните материјално -технички ресурси кои ги поседува.

Преглед на материјално технички ресурси

| Ред.бр. | Вид на материјално течничко сретство | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Лопати | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2 | Копачи | 4 |
| 3 | ПП скали | |
| 4 | Санитетско носило | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**4. Заразни заболувања  и труење со храна**

ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци ги превзема сите мерки за спречување на појавата, рано откривање, спречување на ширењето и сузбивање на заразните болести и на инфекциите, како и надзорот над спроведувањето на мерките, со цел на заштита на учениците и вработените во  од заразни болести.

**а.  Мерки за превенција**

- обезбедување санитарно -технички и хигиенски услови во училиштето

- спроведување на здравствено-хигиенски прегледи;

- обезбедување безбедна вода за пиење

- вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други

хигиенско -технички мерки

**б. Рано предупредување на опасностите**

- откривање на извори на зараза (заболени или носители) и поставување на етиолошка дијагноза;

4) пријавување на заразните болести;

- Известување на учениците и вработените за настанатото заразно заболување,

- Известување за опасноста на надлежните органи (општина Кавадарци, регионален центар за управување со кризи Кавадарци, Јавна здравствена установа Кавадарци, Јавно претпријатие Комуналец во општина Кавадарци, полициска станица од општа надлежност подрачно одделение на Дирекцијата за заштита и спасување, и др.

**в. Справување со настаната опасност од заразини заболувања**

- се следи епидемиолошката состојба со заразните болести на подрачјето на општина Кавадарци и за состојбата се известува Институтот за јавно здравје на Република Македонија

- го следи движењето на заразните болести во Република Македонија,

Преглед на ангажирани сили – средства со кои се располага

| Р.бр. | Ангажирани сили | Број | Лица што раководат |
| --- | --- | --- | --- |
| 1 | вработени | 65 | Директор, помошен директор |
| 2 | ученици | 599 | Наставници кои во моментот држат настава |

5) Барање на помош заради справување со настанатото заразно заболување

*Итна медицинска помош тел. 194

**г.Употреба на ресурсите ( човечки и материјални)**

При прогласена кризна состојба од настанато заразно заболување на потесното и поширокото подрачје од страна на ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци ангажирани се сите вработени со целокупните материјално -технички ресурси кои ги поседува

**5.Екстремни временски појави (снег, мраз, ветер, интезивни врнежи)**

Регулирани се со Акционен план за влијание на топлотни и ладни бранови кои е во прилог на овој План

**Раководење со активностите и мерките за превенција,**

**рано предупредување и справување со кризната состојба**

Со мерките и активностите за превенција, рано предупредување и справување со настанатата кризна состојба раководи Директорот, а во негово отсуство заменикот директор на ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци

За непосредната организација на мерките и активностите се ангажира лицето одговорно за подготвување и извршување на работните задачи во врска со превенцијата и справувањеo со кризна состојба.

Заштитата- спасувањето на вработените , учениците, лицата кои се затекнале и материјалните добра како и остранување на последиците се превземаат согласно плановите по мерките за заштита и спасување.

**Комуникација, координација и соработка со ПО регионален центар**

**за управување со кризи Кавадарци**

При справувањето со ризиците и опасностите ( превенција, рано предупредување и справување со настанатата криза или кризна состојба) во ООУ “Тошо Велков-Пепето„Кавадарци е во постојана комуникација, координација и соработка со ПО регионален центар за управување со кризи, Кавадарци.

Телефони: безплатен телефонски број 195

Телефон за контакт: 043/413-826 и моб. тел. 075/317-793

Контактите ги остварува лицето што раководи со установата или лицето определено за контакт кое е надлежно за подготвување и извршување на работните задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба.

Распоред на дежурни наставници

Распоредот на дежурни наставници ке биде изготвен во почетокот на учебната година

## План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

Во уредувањето и одржувањето на просторот во училиштето и училишниот двор учествуваат сите субјекти.

Секој наставник со помош на учениците во својот кабинет или училница ќе го уредува просторот според потребите и според наставните содржини.

Главниот училишен хол и останатите ходниците во училиштето ќе ги одржуваат членовите на ликовната и литературната секција под менторство на предметните наставници по ликовно образование и македонски јазик.

Уредувањето на училишниот хол со ѕидни весници и паноа на дадени теми, изработка на етно катче како и уредувањето на училишниот двор од страна на наставниците и учениците влијае и во јакнењето на врските помеѓу наставниците и учениците како и помеѓу самите ученици. Се развива чувството за меѓусебно почитување, припадност, помагање и дружење.

Изгледот на училиштето и училишниот двор се важен сегмент во прилагодувањето на учениците во училишната средина и влијае на нивното максимално ангажирање во текот на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување, на што нашето училиште соодветно одговара. Секоја година пригодно се одбележува патрониот празник на училиштето. Се организираат и одржуваат приредби, разни хепенинзи по разни поводи.

По повод одбележувањето на одредени празници (Нова година, Божиќ, Велигден) наставниците заедно со своите ученици соодветно ја украсуваат својата училница. Во училиштето се формира комисија за избор на тематски најубаво уредена училница. На учениците чија училница од страна на комисијата е избрана за тематски најубаво уредена училница им се даваат пригодни награди кои претставуваат дополнителна мотивација и поттик за учество на учениците во естетското и функционалното уредување на просторот во училиштето.

Покрај наставниците и учениците во некои активности на естетско уредување на училиштето се вклучуваат и родителите/старателите на учениците. Родителите со помош на својата креативност допринесуваат во естетското уредување на училниците како и во хортикултурното уредување на училишниот двор (одржување на зеленилото, садење на цвеќиња..).

## Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

| Активност | Цел | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Естетско уредување на училниците | Поттикнување на учениците за творење и оплеменување на просторот | Наставници<br>Ученици<br>Родители | Континуирано во текот на учебната година | Естетско уредена училница |
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училниците и училиштето | Поттикнување на учениците за творење и изразување | Наставниците<br>Учениците | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Естетско уредени училници и ходници. Развиени естетски вредности кај учениците |
| Изложување творби во училиштето изготвени од учениците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставниците<br>Учениците | Континуирано во текот на учебната година | Прикладно одбележани значајни датуми и поводи |
| Изложување креативни изработки од учениците во рамките на еколошката едукација | Да се развива еколошка свест и вештини кај учениците | Наставниците<br>Учениците<br>Родителите | Во текот на учебната година | Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Естетско уредување на дворот на училиштето (обновување и одржување на тревните површини, садење на цвеќиња и дрва) | Овозможување пријатно место за престој на учениците и вработените | Наставниците<br>Учениците<br>Родителите<br>Техничкиот персонал<br>ЈП”Комуналец” | Во текот на учебната година | Естетско уреден двор |
| Функционално уредување на дворот со поставување на клупи и корпи за отпадоци | Овозможување на пријатно место за престој на учениците и вработените | Локалната самоуправа.<br>ЈПКомуналец<br>Технички персонал | Во текот на учебната година | Функционално уреден двор |
| Поставување на канти за селекција на отпад | Воспоставување на пракса за селекција на хартија,пластика и органски отпад | Локалната самоуправа.<br>ЈП Комуналец | Во текот на учебната година | Развиена еколошка свест кај учениците и одржување на просторот |
| Функционално и безбедно игралиште | Овозможување игралиште безбедно за игра на учениците | Директорот<br>Наставниците<br>Учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест за одржување на просторот |

***Критериум за успех*** – естетски и функционално уреден ентериер и опкружување

***Инструменти*** – анкетни прашалници за родителите и учениците

***Индикатор за успешност*** – записници од увиди на инспекторите, позитивни искази од учениците, родителите и локалната заедница

***Одговорни за следење*** – директорот, тим за естетско и функционално уредување на училиштето

***Повратни информации***

- естетско уредени училници и ходници во училиштето

- развиена естетска вредност кај учениците

- функционалност на просторот и пријатен престој во училиштето

- развиена еколошка свест и одговорност за просторот во кој се престојува

# *Правилник за однесување на учениците ,наставниците и родителите (во училиштето и во училишниот двор)*

## ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

### 1. Основни норми

Ученикот како субјект во воспитно-образованиот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општетвото, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.
Секој ученик треба да биде ценет како личност без оглед на својата способност, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба.

Во процесот на воспитување и образување **ученикот** е должен да ги почитува и спроведува нормите на однесување и работа во училиштето, семејството и пошироката општествена заедница.

### 2. Ликот на ученикот

**Ученикот треба:**

- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен и достоинствен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување и да формира културни и естетски навики;
- да биде објективен ,коректен и одговорен во однесувањето кон личноста на наставникот,своите соученици и вработените во училиштето;
- да внимава на својата лична хигиена и педантност и да развива здравствено-хигиенски навики и ставови
- да се облекува пристојно (забрането е да се носи тесни маички и пантолини,трендовски,искинати фармерки,кратки маички и блузи со  длабоко деколте,ектремни фризури и пирсови)
- да има одговорен однос кон средствата и условите со кои работи и учи;
- да се изградува во личност во која може да се има доверба , со особини на непосредност, авторитетност, колегијалност, тактичност хуманост;
- да ги почитува своите соученици,нивните индивидуални карактеристики и способности,да поставува основа за развој на другарство,взаемна соработка,почитување и толеранција

- да верува во своите способности и си поставува високи барања со личен пример и со почитување на прописите во училиштето и надвор од него
- да се бори против причинителите на болести на зависности и други негативни појави (дрога, алкохол, пушење, криминал);

3. **Ученикот и учењето**

**Во процесот на своето образование и воспитание ученикот треба да научи:**

- да ја посетува редовно наставата и да учествува во воспитно -образовната работа што ја организира училиштето;
- да ги исполнува задачите кои се предвидени со Наставниот план и програма и Годишната програма за работа на училиштето;
- постојано да се ангажира во постигнување на резултати во наставата и воннаставнатите активности, со коректност, одговорност, објективност и доследност во однесувањето;
- да ја развивива својата способност на учење;
- да стекнува вештина за лична ефикасност, планирање и организација на времето;
- во учењето да прифаќа примена на нови наставни технологии и да ги користи наставните средства и помагала што му стојат на располагање;
- да го развива својот талент;
- да ги самооценува сопствените постигања.

4. **Ученикот и наставниот час**

**Ученикот:**

- штом го слушне училишното ѕвонче, веднаш треба да влезе во училницата, пристојно и трпеливо да чека да започне часот;
- е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- на часовите треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски и со своето коректно и соодветно однесување придонесува за позитивна атмосфера;
- ги почитува правилата кои се договорени со наставникот;
- не смее самоволно да го напушти часот;
- слуша внимателно и го почитува мислењето на другиот;
- да не вклучува и користи мобилен телефон за време на наставата;
- на часовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- за секое изостанување од наставата поради болест ученикот е должен да достави медицинска белешка, а родителот да го извести раководителот на паралелката;
- за секое изоставување на ученикот од наставата родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причината за изоставување;
- поради здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.

5. **Ученикот и училиштето:**

**Ученикот треба:**

- да има одговорен однос кон училишниот инвентар, компјутерите, нагледните средства и другите материјални добра и условите во кои или со кои работи во училиштето;
- секоја намерно направена штета да ја надокнади со вредност на цена на чинење;
- да ги почитува Куќниот ред на училиштето и законските одредби и одлуки на органите во училиштето;
- да ја почитува личноста на директорот, наставниците, стручните соработници и техничкиот персонал.

6. **Ученикот и безбедноста:**

**Ученикот не смее:**

- да пројавува насилство, нетолерантност, телесно и психички да ги малтретира другите ученици, наставници, стручни соработници и техничкиот персонал;
- да носи предмети со кои би можел да повреди други ученици;
- да носи ладно или огнено оружје и експлозивни направи;
- да трча по скалите, ходниците и да се турка со други ученици;
- да носи вредни предмети и повеќе пари во училиштето, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- да се доведе во ситуација да го загрози личниот живот и животот на другите во училиштето.

7. **Меѓусебен однос на учениците:**

**Ученикот се обврзува:**

- да ги почитува соучениците и учениците од училиштето;
- да соработува со другите ученици и гради другарство;
- да биде толерантен, да им помага и пренесува знаење на другите

8. **Ученикот и семејството:**

**Ученикот:**

- разговара со своите родители за она што го учи во училиштето, што му се случува и како се чувствува во него;
- задолжително ги пренесува информациите до своите родители по барање на наставникот;
- искрен е со своите родители, дури и да згреши, тие ќе имаат разбирање за неговите постапки;
- со своето примерно однесување ќе покаже почит и кон своите родители;

Секој ученик се обврзува да го почитува **Правилникот за однесување на учениците** во училиштето. За непочитување на **Правилникот и правилата** одговорен е лично ученикот и кон него се применуваат соодветни **педагошки мерки.**

***Правилник за однесување на родителите***

Правилникот на однесување на родителите претставува збир на значајни принципи кон кои треба да се придржуваат и истовремено да ги почитуваат родителите чии деца се ученици во училиштето. Во нашето училиште, учениците се секогаш во центарот на вниманието и поради тоа најважна ни е безбедноста на учениците и условите за работа и престој.

Затоа Ве замолуваме да ги почитувате Правилата на однесување во училиштето:

**ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИНЦИПИ**

- Да го почитуваат куќниот ред и законските одредби на училиштето;
- Со своето однесување да даваат позитивен пример на своите деца- ученици;
- При посетите во училиштето да го почитуваат кодексот за пристојно облекување;
- Да ја почитуваат хиерархијата во училиштето.

**СОРАБОТКА НА РОДИТЕЛИТЕ СО НАСТАВНИЦИТЕ**

- Да соработуваат и активно да учествуваат во решавање на проблемите со учениците и паралелката
- Да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците поврзани со нивните деца
- Со своето однесување да даваат позитивен пример на своите деца;
- Да го почитуваат почетокот и крајот на часот и да не влегуваат на час;
- Пристојно и со почит да се однесуваат кон наставниците и да негуваат коректен однос со нив;
- Средбите со наставниците да ги реализираат во рамките на приемните денови;
- Редовно и навремено да одговараат на повикот од наставниците или стручната служба на училиштето;
- Предлагаат мерки за унапредување на воспитно- образовниот процес во училиштето;
- Со свои ставови и знаења да помагаат во креирањето на политиката на училиштето;
- Активно да учествуваат со вклучување во хуманитарните и добротворни акции спроведени од страна на училиштето;
- Со свои идеи и ставови да се вклучат во училишните активности и работилници;

**РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ**

- Редовно и задолжително да присуствуваат на родителските средби,со цел да се информираат за постигнатиот успех и поведение на ученикот;
- Навремено да го оправдуваат отсуството на своите деца - ученици;
- Да го почитуваат времето и дневниот ред на родителските средби;
- Активно да учествуваат во дискусиите со конструктивни мислења и предлози, како и да го почитуваат и мислењето на останатите родители;
- Да ги почитуваат и применуваат одлуките донесени на советот на родители;

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И**

**СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ**

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот и стручниот работник треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знаат своите права и одговорности, да бидат флексибилни личности кои ќе знаат да работат со поединци и група и да го користат сето свое професионално знаење и умење.

**Во својата професионална работа наставникот односно стручниот работник се обврзува:**

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитанието и образованието да му претставуваат највисок императив во неговото професионално однесување;
- да ја чува честа и благородните традиции на професијата „просветен работник";
- при вршење на својата професија не смее да прави дискриминација заснована на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба;
- да ја почитува личноста на учениците, нивните родители и своите колеги и да не смее да врши психичко и физичко малтретирање на истите.

**Наставникот односно стручниот соработник треба:**

- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен, достапен и достоинствен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување и да гради културни и естетски навики кај своите ученици,
- во училиштето да доаѓа уреден и чист, а облекувањето треба да биде прикладно одн. не смее да се доаѓа во  фармерки, хеланки, кратки и тесни сукњи, кратки и тесни маици или маици со прерамки,  прозирни блузи или со длабок израз, мрежести хулахопки и сл. Шминката не треба да биде нападна
- наставниците по физичко образование, наставата треба да ја изведуваат облечени во тренерки, а останатите наставници треба да ги користат работните мантили
- да внимава на својот морален лик и својата работа да не ја злоупотребува за лична корист при што не смее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди кои ќе ја доведат во прашање неговата професионалност, кредибилитет и достоинство;

- севкупниот свој потенцијал да го насочи кон афирмација на својот предмет преку збогатување на сознанијата кај учениците;
- да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот-училницата во кој држи настава и  да има одговорен однос спрема средствата и условите во кои или со кои ја реализира својата дејност.
- наставникот не смее да се изложува во јавност под дејство на алкохол.

**Извршувајќи ги своите работни обврски наставникот треба:**

- навреме да го започне и да го почитува времетраењето на часот;
- редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици на почетокот на часот;
- професионално да се однесува за време на часот;
- да биде способен да го одржи редот на часот , за да можат учениците да ги слушаат предавањата и објаснувањата на наставникот;
- редовно да дежура по ходниците, како би се подигнала безбедноста на учениците на повисоко ниво;
- редовно и навреме да да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
